**20242534446**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 став (1) од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија“ бр.146/09, 53/11, 149/15, 39/16 и 132/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 декември 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ОРГАНСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО ЗА 2024 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.17/24 и 198/24) во делот I во воведната реченица износот „234.000.000,00“ се заменува со износот „184.000.000,00“.

Табелата се менува и гласи:

„

| Број на мерка | Име на мерка | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка за органско растително производство | 1.000,00 |
| 2. | Финансиска поддршка за органско сточарско производство | 1.000,00 |
| 3. | Директни плаќања за површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред | 1.000,00 |
| 4. | Финансиска поддршка за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно сточарско и растително потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло) | 1.000,00 |
| 5. | Финансиска поддршка за трговија или маркетинг на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло | 1.000,00 |
| 6. | Финансиска поддршка за посебни директни плаќања за стручна контрола и сертификација | 1.000,00 |
| 7. | Финансиска поддршка за посебни директни плаќања за анализа на својства на почва и производ кај земјоделски стопанства | 1.000,00 |
| 8. | Заостанати обврски од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година и Програмите за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2022 и 2023 година | 183.993.000,00 |
| | Вкупно | 184.000.000,00 |

II

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-12717/4
14 декември 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.